## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „РУРАЛЕН ТУРИЗАМ – ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ И ВОН. ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ДИМИТРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-53/9 од 24.1.2018 од 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 24.1.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Нако Ташков, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– д-р Златко Јаковлев, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– д-р Тања Ангелкова-Петкова, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Рурален туризам – политика и развој**” од авторите вон. проф. д-р Дејан Методијески и вон. проф. д-р Никола Димитров на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Извештајот на рецензијата ги содржи следниве податоци:**

**Општи податоци за ракописот:** Овој учебник е од обласa на туризмот. Учебникот се состои од три поглавја, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот Рурален туризам, за којшто е наменет учебникот, е задолжителен предмет на насоката Туризам и носи 8 кредити и се слуша во трета година, седми семестар, со неделен фонт на часови 3+2+2. На насоката Гастрономија, исхрана и диететика предметот е изборен, носи 4 кредити и се слуша во прва година, втор семестар, со неделен фонт на часови 2+1+1. На насоката Хотелско-ресторанска е изборен предмет и носи 4 кредити, се слуша во трета година, седми семестар, со неделен фонт на часови 2+1+1. Учебникот ќе претставува основна литература во изучување на предметната програма од горенаведената наставна дисциплина. Материјалот во ракопис за учебник е изложен концизно, прегледно, со 4 табели со што ќе биде лесно разбирлив и совладлив од страна на студентите за кои е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот има вкупно 162 страници и е предаден за рецензија, среден во А4 формат. Обемот на ракописот на „Рурален туризам – политика и развој” по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Рурален туризам – политика и развој” опфаќа три поглавја во кои се опфатени основните сознанија за руралниот туризам.

Првиот дел, кој е насловен *Поимот рурален туризам и фактори за постоење и развој на руралниот туризам,* опфаќа дефинирање на поимот туризмот и критериуми за поделба на видовите туризам, како и дефинирање на поимот рурален туризам и видовите рурален туризам. За подетална разработка на овој поим земени се предвид: просторниот опфат, факторите за постоење и развој на руралниот туризам, туристичката политика, понудата и побарувачката на руралниот туризам.

Вториот дел ги опфаќа меѓународните искуства поврзани со руралниот туризам, каде што преку примери од различни земји во светот е прикажана состојбата на руралниот туризам и неговата функција во полза на подобрување на социоекономската состојба на овие земји. Користени се статистички податоци кои укажуваат на степенот на развој и видот на руралниот туризам во овие земји. Во овој дел се претставени и некои меѓународни организации кои се занимаваат со рурален туризам и имаат голема улога во дефинирањето и насоката на руралниот туризам во иднина.

Третиот дел е посветен на руралниот туризам во Република Македонија. Овој дел го опфаќа истражувањето во кое се содржат податоци за моменталната состојба на понуда на рурален туризам, потенцијалите на руралниот туризам во Република Македонија, можностите и улогата на туризмот како фактор за развој и одржливост на руралните средини. На крајот од ракописот е дадена користената литература, каде што се наведени сите наслови, цитирани во материјалот, предмет на овој учебник.

## ЗАКЛУЧОК

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис **„Рурален туризам – политика и развој”** од авторите вон. проф. д-р Дејан Методијески и вон. проф. д-р Никола Димитров опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасен и разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша на насоките Туризам, Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска насока.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис „Рурален туризам – политика и развој” од авторите вон. проф. д-р Дејан Методијески и вон. проф. д-р Никола Димитров, како основен учебник за предметот Рурален туризам и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Нако Ташков, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Тања Ангелкова-Петкова, доцент, с.р.**